Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 407/0306
13.11.2018 год.
Скопје

13.11.2018

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 12 ноември 2018 година, врз основа на примена жалба од Трајче Јованов, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

Интернет порталот „Македонски Медиа Сервис“ (ММС) со текстот насловен „Роби Телекабел претепа сопственик на кафич во Штип“, го прекрши Кодексот на новинарите во членот 1.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 21 октомври 2018 година, Трајче Јованов, поднесе жалба за текстот насловен „Роби Телекабел претепа сопственик на кафич во Штип“, објавен на 21 октомври 2018 година, на интернет порталот „Македонски Медиа Сервис“ (www.mms.mk).

Во жалбата се наведува дека во текстот не е застапена втората страна и дека текстот е со навивачка мотивација.

*„Поради тоа што не е прашана втората страна и поради тоа што има живи сведоци, текстот има лажни констатации, кои кај јавноста создаваат претстава на однапред осуден. Што би се рекло, се прејудицира нечија вина, а правило е секаде, додека судот не изрече пресуда нема виновници. Аргументите или фактите на пишувачите на овој текст е глаголот “ДОЗНАВАМЕ“,* посочува Јованов во жалбата.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот „Македонски Медиа Сервис“ (ММС) и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Од ММС одговорија на наводите на жалителот.

Сметаат дека жалбата е неоснована и дека објавениот текст е во насока на јавниот интерес, поради како што наведуваат, зачестените инциденти од ваков тип во Штип. Во однос на забелешката на жалителот дека не е застапена втората страна, од ММС велат тие се обиделе, но не успеале да обезбедат став, зашто Роберт Димитров не бил достапен на телефон.

Во одговорот на наводите на жалбата, од интернет порталот, меѓу другото, наведоа дека при подготовката на текстот, авторот обезбедил повеќе извори, вклучително и став од Клиничката болница - Штип, изјава од дежурен лекар, изјава од СВР Штип, изјава од како што посочуваат, претепаниот Ацо Панов, од штипскиот затвор, од менаџерскиот тим на дискотеката каде што се случил инцидентот и од повеќе сведоци на инцидентот.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членот 1:

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање, што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. До колку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 12 ноември 2018 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во спорната содржина. Најпрво, заклучи дека не може и нема право да ги утврдува фактите наведени во неа. Надлежност на Комисијата е единствено да ги утврдува етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Членовите на Комисијата, најнапред, утврдија дека текстот произлегува од јавниот интерес, дека авторот користи повеќе извори и обезбедува објективна информација. Но, во исто време, Комисијата најде дека авторот, сепак, отстапил од основното новинарско правило, да побара став од сите засегнати страни, во случајов, и од Роберт Димитров, кој се посочува дека предизвикал инцидент.

Комисијата го зеде предвид образложението на интернет порталот „ММС“ и не се сомнева дека медиумот веројатно се обидел, но не успеал да стапи во контакт со Роберт Димитров и да побара став од него. Но, во исто време, Комисијата заклучи дека авторот на текстот можел и требало тоа прецизно да го наведе во текстот. На тој начин, интернет порталот „ММС“ ќе елиминирал каква било одговорност за прекршување на професионалните стандарди.

Со оглед на тоа, дека не успеа да обезбеди веродостојна потврда дека е испочитувано правилото на „втора страна“, Комисијата најде дека во текстот е прекршен членот 1 од Кодексот на новинарите, во кој, особено се издвојува воведната и последната реченица од текстот:

***„Роберт Димитров, сопственикот на Телекабел и 24 Вести, ноќеска во дискотеката „Клик“ во Штип го нападнал и претепал сопственикот на кафичот „Илужан“, Ацо Панов“.***

***„Ова на Роберт Димитров не му е прв случај на крвава тешчка. Во 2012 година го претепа синот на поранешниот сопственик на „Брилијант“ Мите Николов, Мишко и еден негов другар, кои завршија со тешки повреди по главата и лицето. Во септември 2014 година Роберт Димитров замина во затвор, каде помина шест месеци“.***

Постулат на новинарската професија е да се обезбеди „втора страна“, односно да им се даде можност на сите засегнати страни во текстот да го кажат својот став. Ова особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика.

Во продолжение, Комисијата, ги разгледа, но ги отфрли наводите на подносителот на жалбата, Трајче Јованов, дека станува збор за текст со „навивачка мотивација“ и лажни констатации, а оти фактите во текстот, се базирале на терминот „дознаваме“.

Напротив, членовите на Комисијата утврдија дека текстот е во најголем дел професионален, а авторот навел доволно извори за да обезбеди објективна информација, во согласност со новинарското начело, според кое, проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството. Новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора, како што воедно, постапил и авторот на текстот, темелејќи ја информацијата врз основа на:

1. став на Клиничка болница – Штип, каде бил примен пациентот;
2. изјава од дежурен лекар, кој го примил и згрижил пациентот;
3. изјава од портпаролот на СВР Штип;
4. изјава од пациентот (Ацо Панов);
5. изјава од КПД Штип за статусот на еден од учесниците во тепачката;
6. изјава од менаџерскиот тим на дискотеката, каде се случил инцидентот и
7. став од очевидци, кои биле сведоци на инцидентот.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Ердем Ахмет и Филип Ѓурчиновски.

**Се обврзува интернет порталот „Македонски Медиа Сервис“ (www.mms.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595